Врз основа на член 42 став 3 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Сл. весник на РМ“, бр. 13/96) министерот за труд и социјална политика, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА МЕДИЦИНСКИТЕ ИНДИКАЦИИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ И НА КОРИСНИЦИТЕ НА СЕМЕЈНА ИНВАЛИДНИНА СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА ПОТРЕБАТА ЗА НЕГА И ПОМОШ ОД СТРАНА НА ДРУГО ЛИЦЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат медицинските индикации за распоредување на воените инвалиди и на корисниците на семејна инвалиднина според степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице.

Член 2

Во прв степен се распоредуваат воените инвалиди од I група кај кои постои оштетување на организмот предвидено во Правилникот за утврдување на процентот на воениот инвалидитет и во Листата на процентите на воениот инвалидитет што е составен дел на тој правилник и тоа:

- 67 Ексартикулација на двете раце во рамото;
- 121-6 Ексартикулација во колкот - двете нозе;
- 124 Обострана парализа на лумбосакралниот плексус;
- 150-г Клинички утврдена епилепсија настаната поради повреда или болест кога нападите се многу чести, еднаш или повеќе пати дневно;
- 157 Слепило, односно загуба на видот на двете очи;
- 192 Најтешки случаи на булбарна парализа;
- 200-г Паркинсонизам - од најтежок степен;
- 206 Консолидирани фрактура на рбетот, со флакцидна параплегија или со спастична параплегија во флексија - трајна неподвижност и врзеност на постела;
- 207-г Консолидирани фрактури на цервикалниот дел на 'рбетот, со лезија на цервикалната медула и со паретични појави на горните и долните екстремитети - најтешки форми - инвалид неподвижен и не може да се служи со рацете;
- 208-г Церебрален атактичен синдром по траумата - најтешки форми - неможност за движење поради атакција;
- 209-г Клинички утврден полиневритичен синдром најтешки форми - тешки оштетувања на мотолитетот со атрофии, со тешки трофични пречки и со потполна фатеност на екстремитетите - инвалид неподвижен.

Во првиот степен на додатокот за нега и помош од страна на друго лице можат да се распоредат и воените инвалиди од I група кај кои, покрај оштетувањата на организмот од член 3 од овој правилник, постојат и други оштетувања на организмот (обострана ампутација на екстремитетите, ексартикулација на ногата во колкот, деменција, прогресивна раширена активна туберкулоза, со развиена кахексија, и со други тешки компликации и др.), што воениот инвалид го прават неспособен за вршење на сите основни животни потреби и бараат непрекината нега и помош од страна на друго лице.

Член 3

Во втор степен се распоредуваат воените инвалиди од I група кај кои постои било кое оштетување на организмот од Листата на процентите на воениот инвалидитет, што не е опфатено со член 2 став 1 на овој правилник.

Член 4

Воените инвалиди од II, III и IV група, кај кои постои оштетување на организмот за кое, заедно со воениот инвалидитет, во Листата на процентите на воениот инвалидитет е предвидено 100% - I група на воен инвалидитет се распоредуваат и тоа:

1. во втор степен - ако оштетувањето на организмот е опфатено со член 2 на овој правилник;
2. во трет степен - ако оштетувањето на организмот е опфатено со член 3 на овој правилник.

Член 5

Во четврт степен - се распоредуваат воените инвалиди од V до X група и корисниците на семејна инвалиднина - корисници на инвалидски додаток, ако оштетувањето на организмот е опфатено со член 3 на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Број 12-3556/3-96
11 јули 1996 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Насер Зибери,** с.р.